# Living the Lotus

## Buddhism in Everyday Life

5
2025
VOL. 236








Members from Bangladesh, Taiwan, India, and Brazil Participate in the Celebration of the Anniversary of Shakyamuni's Birth at the Great Sacred Hall in Tokyo





**Living the Lotus**
**Vol.236 (Мај 2025)**

Објавено од Ришо Косеи Каи
Фумон Медиа Центер, 2-7-1 Вада,
Сугинами-Ку, Токио, 166-8537 Јапонија
Тел: +81-3-5341-1124
Факс: +81-3-5341-1124
Имејл: living.the.lotus.rk-international
@kosei-kai.or.jp
Сениор Едитор: Кеиицх Акагава
Едитор: Сачи Микава
Цопс Едитор: Александар Димовски
Уредувачкиот тим на Меѓународното
Ришо Косеи Каи

Ришо Косеи Каи е световна Будистичка организација чија света списа е Тројната Лотос Сутра. Таа била создадена од Основачот Никјо Нивано и Ко-основачот Мјоко Наганума во 1938. Оваа организација е составена од обични луѓе и Жени кои имаат верба во Будата и стремат да ја зборатат нивната духовност преку примена на неговите учења во секојдневниот живот. И во локалните заедници и на меѓународно ниво, ние, под водството на Претседателот Ничико Нивано сме многу активни во промовирање на мир и благосостојба преку алтруистички активности и соработка со други организации.

Насловот на овој билтен, Живеејќи го Лотосот- Будизам во секојдневниот живот, ја пренесува нашата надеж за стремење кон практикување на учењата на Лотос Сутрата во секојдневниот живот во несовршен свет за да ги збогатиме и направиме нашите животи повредни за живеење, како што убавите лотосови цвеќиња цветаат во калливо езерце. Овој билтен има за цел да им помогне на луѓето насекаде во светот да го применат Будизмот полесно во нивните секојдневни животи.

# Затоа што имаме татко и мајка

Поч. Ничико Нивано
Претседател, Ришо Косеи-каи



## Ден на мајките и ден на татковците

Блиску до крајот на Едо периодот во Јапонија, Цивилната Војна (1861-65) изби во Соединетите Држави, поделувајќи ја земјата на две заради проблемот со поробување. Наскоро откако војната заврши, жена напишала Проглас на Денот на Мајката со цел да одбијат да праќаат сопрузи и синови во војна никогаш повторно, и ова се смета дека е потеклото на Денот на Мајката (Во Јапонија, втората Недела на Мај). Од љубов на една мајка, ден да се изрази благодарност кон сите мајки беше роден. Татковиот ден (во Јапонија, третата Недела на Јуни) исто има поврзаност со Цивилната Војна. Ветеран ја изгубил својата жена наскоро откако се вратил од војната и се грижел за шест деца самиот; еден од неговите деца, заради почит кон нивниот самохран татко, проговори и рече, 'Ако веќе ние имаме Ден на Мајките, ние треба исто да имаме ден за фалење и изразување благодарност кон татковците,' и така тој ден дојде во постоење.

Мајчината непоколеблива љубов и наклонетост за нејзината фамилија, почитот на децата за нивниот татко, издигна денови за изразување на благодарност на мајките и татковците, и што е уште повеќе, тие денови сега се установени во земјите низ светот. Од овој факт ние можеме да заклучиме дека тоа е љубовта, почитта и благодарноста во оквир на фамилијата која ги негува умовите на луѓето, ги развива човечките битија, и формира основа за градење прекрасна држава на која сите ќе бидат горди.

## Синовата побожност е поврзана со универзумот?

Кога јас мислев што значи да се има родители, јас дојдов до цитат од Каибара Екикен (1630-1714), Јапански нео-Конфучски филозоф и ботанист познат по неговите медицински текстови, вклучувајќи го Јојокун (книгата на приинципи за негување на животот): 'Човечкото тело потекнува од мајката и таткото, и почнува со небесата и земјата.' Сепак, кога јас мислев што тоа значи за нашите тела да почнуваат со небесата и земјата, кои постоеле долго пред нашите родители, јас одненадеж се сетив на нешто напишано од теорискиот физичар Харуо Саји. Да ја сумаризирам суштината на неговата идеја, нашите тела се 'инкарнации на природата', направени од фрагменти на звезди кои експлодирале во универзумот, и ние човечките битија сме 'продукти направени од универзумот преку правецот на 13,8 милијарди години.' Ова е вистински доказ дека ние бевме родени од небесата, земјата и природата.

Во тој случај, иако ние сме родени преку кармичка поврзаност со нашите родители, јас чувствувам дека е важно да се гледа идејата на синова побожност и нашето практикување на тоа на начин кој оди над еедноставно негување на родителите и нивно почитување или давање на нив поклони заради благодарност кон нив – со други зборови, ние треба да ја чувствуваме синовата побожност во оквир на текот на една голема животна сила, која исто така е во согласност со учењата на Будата.

Сепак, кога станува збор за Денот на Мајката и Денот на Таткото, кои брзо се приближуваат, јас сум засрамен да речам дека јас само имам нејасни спомени на изразување благодарност кон моите родители или давање на поклони на нив, такви како давање на нив цвеќиња од мене и жена ми која ги аранжираше. Од друга страна, јас имам појасни спомени на постојано бунтување против моите родители и не бивајќи способен да бидам искрен со нив и заради тоа, јас наоѓам утеха во рамислувањето на друг научник од раниот Едо период (како Каибара Екикен) наречен Накае Тоју, кој е сличен со следново:

> 'Синовата побожност не значи едноставно грижа за родителот кој ви даде раѓање на вас; фактички, тоа е ништо друго освен враќање, преку вашата служба кон вашите родители, кон основниот живот на универзумот' (Нобузо Мори, Схинри ња генјитсу но таданака ни ари (Вистината постои во средината на реалноста), Чичи Издавачка куќа, 2000).

Јас ги имам спомнато овие зборови претходно, и јас ги повторувам нив тука, затоа што тие јасно покажуваат дека синовата побожност е поврзана со фундаменталната сила на универзумот. Јас се надевам дека секој ќе завземе попростувачки поглед во однос на поклоните што јас им ги давав на моите родители и недостатокот на благодарност, И во следното месечно издание јас би сакал пак повторно да се осврнам на синовата побожност и како ние го практикуваме тоа, споредувајќи го со учењата на Будата и мудроста на нашите претци, и навлегувајќи во тоа подлабоко од поширока перспектива.

(Од Косеи, Мај 2025)



## Косеи библиотека

Косеи Библиотеката е културна установа каде некои шеесет илјади книги поврзани со религија се достапни. Таа е отворена во 1953.

Библиотеката во моментот има колекција на книги не само од религија туку исто од историја, философија, и литература. Целосниот број на книги кои таа ги чува, која вклучува религиозни книги кои се претежно за Будизам, е повеќе од 147.300 .

Понатаму, библиотеката е опремена со аудиовизуелна хала која може да смести двеста луѓе. Состаноци за предавање и состаноци за истражување за јавноста се одржуваат таму.




**Дали знаевте?**

Школското мото на Косеи Гакуен е ‘Посвети се себеси на гјо и гаку. Во спротивно, Будината Дарма ќе престане да постои.’ Гјо значи ‘подобрување на карактерот преку искуство.’ Гаку значи ‘стекнување знаење преку учење.’ Затоа, ова мото ја изразува школската желба дека студентите ќе стремат да ги балансираат ‘искуство’ и ‘знаење’ и да го применат тоа што го имаат научено да им користат на другите – во корист на општеството и светскиот мир.


* Секоја репродукција или реобјавување на оваа содржина е забранета освен репродукции за лична, некомерцијална, и информативна употреба

## Други социјални и културни активности







Ришо Косеи-каи исто се вклучени во мноштво на активности надвор од тие спомнати претходно.

Косеи Институтот за Советодавно Истражување обезбедува советување преку телефон и лице во лице интервјуа со луѓето кои страдаат од слабо ментално здравје. Тоа исто нуди курс за тренирање на советници. Тие кои го имаат завршено курсот се активни на различни полиња.

Токискиот Институт за Истражување за Семејно Образование ја пренесува важноста на негување на добро заокружен карактер во децата. Тоа нуди практичен пристап преку семинари и лекции како да се подобри карактерот на децата во оквир на фамилијата.

Во полето на спортовите, постои Косеи Бутоку-каи, или Косеи Боречки Вештини на Џудо и Кендо. Локалните деца и млади луѓе учат џудо и кендо во салата за тренинг на боречки вештини на Ришо Косеи-каи.

**Дали знаевте?**

Советниците на Косеи Институтот на Советодавно Истражување го имаат завршено четири-годишниот курс на тренинг следејќи го наставниот програм на Целата Јапонска Советодавна Асоцијација, невладина институција. Тие се квалификувани советници, сертифицирани како степен два од асоцијацијата. Заради тоа, ние можеме да зборуваме со тие советници во врска со нашите проблеми со доверба и мир на умот.

* Секоја репродукција или реобјавување на оваа содржина е забранета освен репродукции за лична, некомерцијална, и информативна употреба

# Научете да ги сакате луѓето кои не ги сакате

## Не ги осудувај луѓето според појавата

Поч. Никјо Новано
Основачот, Ришо Косеи-каи



Вториот начин да научите да ги сакате луѓето кои не ги сакате е да се воздржувате од фокусирање само на нивните надворешни зборови и дела и наместо тоа да ги видите подлабоките вистини позади нив. На пример, луѓето кои зборуваат отворено се често непретенциозни и немаат скриени намери. Тие кои имаат многу барања се обично, љубезни во срцата, само што малку се мешаат.

Сутрата на Неизбројни Значења содржи пасус со значење дека 'Луѓето само ги гледаат непосредните појави и произволно калкулираат дека ова е добро, тоа е ло шо, ова е корисно, и тоа е загуба – причинувајќи си себеси страдање'

Ние обично ги судиме луѓето и нештата базирани на тоа дали ние мислиме дека тие се добри или лоши и според нашите допаѓања и недопаѓања. Сепак, коректниот став лежи позади таквите површни разлики.

Од коректната перспектива, секоја личност поседува буда природа. Едноставно е дека различните нечистотии кои ја покриваат нејзината површина се поприметливи за нас. Преку стремежот да гледаме позади вознемирувањата на надворешните појави и наместо тоа да ја гледаме буда природата внатре, ние можеме да научиме да ги сакаме дури и тие кои на почетокот не ги сакавме. Повеќ е од тоа, чувство на другарство со личноста која не ја сакате – како пријателско живо битие, обдарено со живот и одржувано од Будата - ќе се издигне во вас.

Третиот начин е да се има нежно срце. Во Будизмот, концептот на ‘нежно и флексибилно срце’ е силно нагласено. Тоа е важно барање за одржување на хармонични лични односи.

Кога вратата на вашето срце е цврсто затворена, секој збор и дело од другите ќе ја погоди таа врата и ќе отскокне назад. Не само што вие ќе бидете неспособни да ги прифатите чувствата на другите луѓе, туку исто е веројатно дека ќе ги навредите.

За разлика од затворено срце, кога  вие секогаш имате флексибилно срце и ја чувате вратата на вашето срце широко отворена, зборовите и делата на другите ќ е влезат нежно, дозволувајќи ви да интерпртирате се со добри намери. Кога вие постојано им се приближувате на другите со добра волја, тие природно ќе ја изразат нивната добра волја – тоа е вашата од срце до срце комуникација која ги охрабрува нив да го направат тоа. Тука се раѓа хармонијата.

Дури и кога вие сретнувате некој кој не го сакате, ако вие ги прифатите нив со нежно сре, мислејќи ‘Оваа личност е пратеник од Татхагата,’ вашата поврзаност со Будата ќе се продлабочи уште повеќе.



# Rissho Kosei-kai International

**Make Every Encounter Matter**



## A Global Buddhist Movement




**Information about local Dharma centers**

**facebook**

**X**

Ние ги сметаме за добродојдени коментарите на нашиот билтен Живеејќи го Лотосот : living.the.lotus.rk-international@kosei-kai.or.jp